# ШТО СМЕАМ, А ШТО НЕ СМЕАМ?

Обновено во август 2012

*Macedonian*

Оваа брошура објаснува што смеете и што не смеете да правите за време на прогласени Fire Danger Periods (Периоди на опасност од пожари), и во деновите на Total Fire Ban (Целосна забрана за палење оган), кога палењето оган на отворени предели е забрането со закон.

CFA прогласува Fire Danger Periods (Периоди на опасност од пожари) по општини во зависност од топлото време. Овие ограничувања важат се до 1 мај, освен ако не се повлечени или изменети. Во државните шуми, националните, државните и регионалните паркови и на заштитените јавни земјишта ограничувањата за палење оган важат во текот на целата година. Контактирајте ги канцелариите на DSE и Parks Victoria за совети за ограничувањата за палење огнови во овие области.

Total Fire Bans (Целосна забрана за палење оган) CFA прогласува во денови кога пожар може брзо да се прошири и ќе биде тешко да се контролира. Казните за противзаконско палење оган во деновите на Fire Danger Period (Период на опасност од пожар) и во Total Fire Ban Days (Денови на целосна забрана за палење оган) се состојат од големи казни и можни затворски казни.

| Што смеам, а што не смеам? | | За време на Fire Danger Period (Период на опасност од пожари) | | Во Total Fire Ban Days (Денови на целосна забрана за палење оган) |
|---|---|---|---|---|
| **Смеам ли да запалам скара, оган во камп или оган за загревање?**<br>  | ДА | **Но само ако:**<br>☑ Ветерот не е посилен од 10км/час<br>☑ Оган може да се запали во **прописно изградено** огниште или барем во ров 30 сантиметри длабок<br>☑ Просторот во далечина од 3 метри од надворешниот периметар од скарата не смее да има било каков запаллив материјал<br>☑ Оганот не смее да зафаќа површина поголема од 1 квадратен метар големината на цврстото гориво кое се користи да биде што помало во однос на намената<br>☑ За цело време додека огнот гори треба да има лице кое ќе го надгледува огнот и ако има потреба да може да го изгасне<br>☑ Огнот мора целосно да се изгасне пред лицето да си замине.<br>Запомнете, според CFA Act, ‘прописно направено огниште’ значи огниште направено од камен, метал, бетон или било кој друг огноотпорен материјал за да се спречи проширување на огнот. Скарите купени од продавница може да се сметаат како прописно направени огништа. | ДА<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>НЕ | **Скари кои се фиксирани:**<br>☑ **користат плин или струја, кои се постојано фиксирани структури, направени од камен, метал, бетон или други незапалливи материјали наменети исклучително за подготовка на храна**<br>☑ **или користат само плин или струја, дизјнирани и комерцијално произведени исклучително за подготовка на храна (вклучувајќи ги преносните скари), и кога се запалат се поставуваат во стабилна позиција, под услов да:**<br>☑ на просторот наоколу до 3 метри од надворешниот периметар од скарата да нема запалливи материјали<br>☑ да има црево приклучено на чешма со вода или сад со најмалку 10 литри вода за итно користење<br>☑ да има возрасно лице во секое време додека гори огнот кое може и има средства да го изгасне огнот<br>☑ огнот да е целосно изгаснат пред возрасното лице да замине.<br>**Камперските огнови, огновите за загревање или за забава се забранети за време на Total Fire Ban Days (Деновите на целосна забрана за палење оган). Скарите на цврсто и течно гориво и шпоретите се исто така забранети за време на Total Fire Ban Days (Деновите на целосна забрана за палење оган).** |
| **Ако имам бизнис за подготовка на храна (catering), или ако сме добротворна организација, организација од заедницата или слично. Смеам ли да поставам и запалам оган за скара или ражен за манифестации на отворено?**<br>  | ДА | **Но само ако:**<br>☑ Ветерот не е посилен од 10км/час<br>☑ Огнот треба да е запален во **прописно изградено** огниште или во ров најмалку 30 сантиметри длабок<br>☑ Просторот до 3 метри далечина од надворешниот параметар на скарата/ражeнот да нема запалливи материјали<br>☑ Огнот да не зафаќа повеќе од 1 квадратен метар, а големината и димензиите на цврстото гориво кое се користи да биде што помало со оглед на намената<br>☑ За цело време додека огнот гори треба да има лице кое ќе го надгледува огнот и ако има потреба да може да го изгасне<br>☑ Огнот мора целосно да се изгасне пред лицето да си замине. | ДА | **Само ако имате дозвола на писмено издадена од страна на CFA или MFB и ако се придржувате на условите од дозволата.**<br>Организација од заедницата, добротворна организација или организација која собира доброволни средства (на пример училиште или спортска група вклучена во собирање средства) може да бара дозвола да запали оган за подготовка на храна за други лица како дел од нивното занимање. Овие дозволи се издаваат од страна – и по одобрение на – локалните канцеларии на CFA, главната управа на CFA или регионалните канцеларии на MFB.<br>Municipal Fire Prevention Officers не се овластени да ги издаваат овие дозволи. |

# ШТО СМЕАМ, А ШТО НЕ СМЕАМ?

Обновено во август 2012

| Што смеам, а што не смеам? | | За време на Fire Danger Period (Период на опасност од пожари) | | Во Total Fire Ban Days (Денови на целосна забрана за палење оган) |
|---|---|---|---|---|
| **Смеам ли да запалам оган на отворено за да горам трева, коров, корења и други растенија?**<br> | **ДА** | **Но само ако:**<br>✓ Вие имате писмена дозвола издадена од страна на Fire Prevention Officer од државна власт, Municipal Fire Prevention Officer или од CFA District office<br>✓ Постапувате според условите од дозволата<br>✓ За цело време додека огнот гори треба да има лице кое ќе го надгледува огнот и ако има потреба да може да го изгасне<br>✓ Огнот мора целосно да се изгасне пред лицето да си замине.<br>Многу општини забрануваат горење во денови со смог или во определени локации или време во рамките на нивните простори. Проверете со Municipal Fire Prevention Officer. | **НЕ** | Забранети се сите видови на палења на отворен простор заради изгорување на трева, грмушки, слама или отпадоци за време на Total Fire Ban Days (Деновите на целосна забрана за палење оган).<br>Сите видови на дозволи издадени од страна на Municipal Fire Prevention Officers се укинуваат за времетраењето на Total Fire Ban Days (Деновите на целосна забрана за палење оган). |
| **Смеам ли да возам возило на места каде возилото ќе биде во контакт со жито, трева, коров, корења или други растенија?**<br> | **ДА** | **Меѓутоа, само ако возилото е опремено со уред (ауспух) за абсорбирање на жешките издувни гасови кои излегуваат од моторот.**<br>Треба да избегнувате да возите возила низ сува вегетација во жешки и суви услови, дури и ако не е Total Fire Ban Day (Ден на целосна забрана за палење оган), заради опасноста од жешкиот издувен систем. | **ДА** | **Меѓутоа, само ако возилото е опремено со уред (ауспух) за абсорбирање на жешките издувни гасови кои излегуваат од моторот.**<br>Ова треба да се избегнува секогаш кога е можно, заради опасноста од пожар која може да се предизвика заради сувата вегетација и жешкиот ауспух. |
| **Смеам ли да користам моторна пила, тример за трева или растенија или косилица за трева?**<br>  | **ДА** | **Моторни пили, тримери или косилици за трева *може да се користат за зелена вегетација* без ограничувања.**<br>Меѓутоа, за користење на *вегетација која **не е** зелена*, моторните пили, тримерите или косилиците за трева мора:<br>✓ бидат механички исправни за да не предизвикаат исфрлање на оган<br>✓ Да имаат вградено заштитник на свеќичките<br>✓ Да бидат најмалку 3 метри од било какви запалливи материјали.<br>Ракувачот со машината, кој мора да биде присутен постојано додека машината работи, мора да користи една од следниве опреми:<br>› најмалку еден ранец со пумпа, во исправна состојба, полна со вода, со капацитет од најмалку 9 литри<br>› најмалку еден апарат за гаснење пожар со вода (под притисок), во исправна состојба, полн со вода и одржуван под соодветен притисок, со капацитет од најмалку 9 литри.<br>Запомнете дека пригушувачот на искрите, ранецот со пумпа за вода и апаратот за гаснење со вода наведени погоре мора да ги исполнуваат соодветните стандарди на Австралија. | **ДА** | **За време на Fire Danger Period (Периодот на опасност од пожари).**<br>Меѓутоа, ако е можно, одложете ја работата зашто опасноста од пожар е исклучително голема. |

# ШТО СМЕАМ, А ШТО НЕ СМЕАМ?

Обновено во август 2012

| Што смеам, а што не смеам? | | За време на Fire Danger Period (Период на опасност од пожари) | | Во Total Fire Ban Days (Денови на целосна забрана за палење оган) |
|---|---|---|---|---|
| **Смеам ли да извршувам работи како:**<br>› **заварување, глодање, изгорување, лемење сечење со плин**<br>› **преселување на пчели**<br>› **вадење мед**<br>› **одржување на пруга**<br>› **загревање битумен?**<br> | ДА | **Но само ако:**<br>☑ Треба да има заштитник од оган за да ги запре искрите, жешкиот метал или стопениот материјал<br>☑ Просторот од најмалку 1.5 метри од местото на работа да биде без запалливи материи или пак да биде испрскан со вода за да спречи проширување на огнот<br>☑ Местото за снабдување со вода или ранецот со најмалку 9 литри вода да биде покриен со мрежа<br>☑ Сите отсекотини и жешки материјали од работењето да се поставaат во огноотпорни садови<br>☑ За цело време додека огнот гори треба да има лице кое ќе го надгледува огнот и ако има потреба да може да го изгасне<br>☑ Огнот мора целосно да се изгасне пред лицето да си замине. | НЕ | **Работите како што се:**<br>› **заварување, глодање, изгорување, лемење или сечење со плин**<br>› **преселување на пчели**<br>› **вадење мед**<br>› **одржување на пруга**<br>› **загревање битумен**<br>се забранети во Total Fire Ban Days (Денови на целосна забрана за палење оган) без специјални дозволи кои важат на овие денови. Овие дозволи се наречени Section 40 permits.<br>Во ограничени случаи, CFA или MFB може да издадат дозвола во Total Fire Ban Days (Денови на целосна забрана за палење оган) на:<br>☑ организации од заедницата, добротворни организации, организации за собирање добротворни средства,<br>☑ законски корпорации, општини,<br>☑ индустриски или трговски организации<br>со цел извршување на нивната работа, или за забава на јавноста, или за религиозни или културни потреби.<br>Овие дозволи мора да бидат издадени од страна на CFA District offices, CFA Headquarters или од MFB Zone offices, и не можат да бидат издадени од страна на Municipal Fire Prevention Officers. |
| **Смеам ли да користам печка за согорување?**<br> | ДА | **Под услов:**<br>1. Проверете со општината дали има локални закони со кои се определуваат условите или се ограничува или забранува употребата на изгорувачи (на пример забрана на денови со смог, во определени области или во определено време)<br>2. И следните барања да се исполнат:<br>☑ Огнот е ограничен во согорувачот<br>☑ Ветерот да не е посилен од 10 км на час<br>☑ Земјиштето и воздушниот простор до 3 метри од надворешниот периметар од изгорувачот треба да бидат без запалливи материјали<br>☑ Треба да има доволна количина на вода доволна да го изгасне огнот во секое време<br>☑ За цело време додека огнот гори треба да има лице кое ќе го надгледува огнот и ако има потреба да може да го изгасне<br>☑ Огнот мора целосно да се изгасне пред лицето да си замине. | НЕ | Користењето на согорувач е забрането во Total Fire Ban Days (Деновите на забрана за палење оган). |

# ШТО СМЕАМ, А ШТО НЕ СМЕАМ?

Обновено во август 2012

| Што смеам, а што не смеам? | | За време на Fire Danger Period (Период на опасност од пожари) | | Во Total Fire Ban Days (Денови на целосна забрана за палење оган) |
|---|---|---|---|---|
| **Смеам ли да користам самодвижечка земјоделска машинерија, трактори, машини за сечење, машини за подигање, ископување на земја, машини за изградба на патишта движени со мотори на согорување во растојание од 9 метри од жито, трева, слама, коров или друга вегетација?**<br> | **ДА** | **Но, само ако машините**<br>✓ Се механички исправни за да не предизвикаат исфрлање оган<br>✓ Да има поставено исправен пригушувач на искрите (освен ако не е вграден турбочаргер или издувна цевка за прочистување на воздухот)<br>✓ Да има опрема за загушување на огнот:<br>› најмалку еден ранец со пумпа, во исправна состојба, полна со вода, со капацитет од најмалку 9 литри<br>› најмалку еден апарат за гаснење пожар со вода (под притисок), во исправна состојба, полн со вода и одржуван под соодветен притисок, со капацитет од најмалку 9 литри.<br>Запомнете дека пригушувачот на искрите, ранецот со пумпа за вода и апаратот за гаснење со вода наведени погоре мора да ги исполнуваат соодветните стандарди на Австралија. | **ДА** | **За време на Fire Danger Period (Периодот на опасност од пожари).**<br>Меѓутоа, ако е можно, одложете ја работата, зашто опасноста од пожар е исклучително голема. |

**Како се бара дозвола?**

Формуларот за барање дозвола може да го симнете од cfa.vic.gov.au. може, исто така, и да ги контактирате најблиските CFA District headquarters и да побарате формуларот да ви биде испратен по пошта. Список со контакт броеви на CFA District headquarters најдете на интернет страната, или може да побарате да ви испратат по пошта ако се јавите на **(03) 9262 8444**.

Ако е потребна дозвола да работите во Metropolitan Fire District, треба да се јавите на MFB на **(03) 9662 2311** или mfb.vic.gov.au.

**Како ќе најдам информации за шумските пожари или за планираните палења во мојата област?**

Јавете се на Victorian Bushfire Information Line на **1800 240 667** или преку National Relay Service на **1800 555 677**.

**Планирам палење на трева на мојот имот. Како можам да ги известам службите за итни случаи?**

Ако имате добиено дозвола за горење од страна на CFA или од Municipal Fire Prevention Officer, пред палењето треба да ги известите Emergency Services Telecommunications Authority ако им се јавите на **1800 668 511**.

**Како да известам за настанат пожар?**

За да известите за пожар јавете се на Triple Zero **(000)**.

Објавено од страна на CFA

mfb.vic.gov.au MFB

cfa.vic.gov.au CFA

PREPARE. ACT. SURVIVE. FireReady State Government Victoria